ПРЕДЛОГ

**Република Македонија**
**Совет за радиодифузија**

# Општи, технички, продукциски, програмски и други услови - за доделување дозволи за вршење радиодифузна дејност за телевизиски програмски сервис на регионално ниво за пренос преку постоен аналоген терестријален предавател и јавни комуникациски мрежи

**Скопје, март 2010 година**

Во согласност со член 43 и 48 од Законот за радиодифузната дејност ("Службен весник на РМ" бр. 100/05, 19/07, 103/08, 152/08, 06/2010), а врз основа на Одлуката на Советот бр. ____________ од ________.2010 година за распишување конкурс, Советот за радиодифузија на ____-та седница одржана на _______.2010 година, ги утврди следните Општи, технички, продукциски, програмски и други услови што треба да ги исполнуваат кандидатите:

## 1. ОПШТИ УСЛОВИ

Радиодифузна дејност може да врши радиодифузер со добивање дозвола за вршење радиодифузна дејност, под услови и начин утврдени со Законот за радиодифузната дејност ("Службен весник на РМ" бр. 100/05, 19/07, 103/08, 152/08, 06/2010), Законот за електронските комуникации ("Службен весник на РМ" бр.13/05, 14/07, 55/07, 98/08), подзаконските акти донесени врз основа на Законите, другите закони во Република Македонија, Општите, техничките, продукциските, програмските и другите услови, утврдени во дозволата и Анексите кон дозволата.

Според член 43 од Законот за радиодифузна дејност, Советот распишува конкурс за доделување дозволи за вршење радиодифузна дејност. Кандидатите на конкурсот треба да ги исполнат условите од членовите 49, 50 и 51 од Законот за радиодифузна дејност, како и условите од Законот за електронските комуникации ("Службен весник на РМ" бр.13/05, 14/07, 55/07, 98/08), и подзаконските акти донесени врз основа на Законите и другите закони во Република Македонија.

Право на учество на конкурсот имаат субјекти кои вршат радиодифузна дејност емитување телевизиски програмски сервис преку аналоген терестријален предавател на локално ниво, во континуитет најмалку 7 (седум) години сметано од денот на започнување со вршење радиодифузна дејност врз основа на концесија за вршење радиодифузна дејност и врз основа на дозвола за вршење радиодифузна дејност, во регионот за кој конкурираат.

Дозволата се дава за емитување телевизиски програмски сервис на регионално ниво, што ќе се пренесува преку постојниот аналоген терестријален предавател (врз основа на издадено одобрение од Агенцијата за електронски комуникации пред стапувањето во сила на мораториумот за издавање на нови одобренија за користење аналогни терестријални фреквенции за емитување на телевизиски програмски сервиси), и преку јавни комуникациски мрежи (кабелски мрежи, ИПТВ и DTH мрежи), доколку има потреба за допокривање на регионот за кој се издава дозволата.

Кандидатите на кои ќе им биде доделена дозвола за вршење радиодифузна дејност, се должни во рок од 6 месеци во целост да ги исполнат условите и барањата на кои се обврзале во Пријавата при конкурирањето.

Пред радиодифузерот да започне со работа, Советот за радиодифузија ќе изврши увид кај истиот, со цел да го утврди степенот на исполнување на условите и барањата од конкурсната докуменатција.

Доколку при увидот се констатира дека радиодифузерот не ги исполнува потребните услови и барања, Советот, по изминувањето на рокот за започнување со дејноста, ќе ја одземе дозволата за вршење радиодифузна дејност.

Кандидатите на кои ќе им биде доделена дозвола за вршење радиодифузна дејност обврзани се да достават и пред-договори за меѓусебно уредени односи со

оператори на јавна комуникациска мрежа нотифицирани од Агенцијата за електронски комуникации на РМ за пренос на програмски сервиси преку јавна комуникациска мрежа (кабелски мрежи и ИПТВ мрежи), во регионите за кои се распишува овој конкурс, за пренесување/реемитување на програмскиот сервис на радиодифузерот – кандидат, доколку има потреба за допокривање на регионот за кој се издава дозволата.

Кандидатите кои ќе конкурираат за доделување дозвола за вршење радиодифузна дејност, должни се да достават изјава дека по доделувањето на дозволата за вршење на радиодофузна дејност за емитување на телевизиски програмски сервис на регионално ниво, се согласни да им престане издадената дозвола за вршење радиодифузна дејност за емитување телевизиски програмски сервис на локално ниво.

Во рамките на процесот на дигитализација на терестријалната радиодифузија во Република Македонија, по барање на радиодифузерот, дозволата за емитување телевизиските програмски сервис преку аналоген терестријален предавател и јавна комуникациска мрежа (кабел и ИПТВ), може да се трансформира во дозвола за емитување телевизиски програмски сервис преку дигитален мултиплекс за истиот регион за која таа е доделена.

## 2. ТЕХНИЧКО - ПРОДУКЦИСКИ И ЕМИСИОНИ УСЛОВИ И РЕГИОНАЛНАТА ПОДЕЛБА НА РМ

**2.1 Техничко - продукциските услови** се утврдени во согласност со Законот за радиодифузната дејност (“Службен весник на РМ” бр. 100/05, 19/07, 103/08, 152/08, 06/2010), Законот за електронските комуникации (“Службен весник на РМ” бр.13/05, 14/07, 55/07, 98/08), Правилникот за основните технички услови, стандарди и параметри за студискиот дел на радиодифузерите (Службен весник на РМ бр. 133/06), Правилникот за техничките услови при задолжително снимање, чување и доставување на емитуваната програма (Службен весник на РМ бр. 79/06), и другите подзаконски акти донесени врз основа на Законите.

Во услови на мораториум за издавање на нови одобренија за користење на аналогни терестријални фреквенции за емитување на телевизиски програмски сервиси, за емитување на телевизискиот програмски сервис, односно сигналот преку постојниот аналоген терестријален предавател продолжуваат да важат постојните емисиони услови и издаденото одобрение од Агенцијата за електронски комуникации на Република Макеоднија, во рамките на рокот на неговото важење.

Дотурот на сигналот на телевизиските програмски сервиси, од телевизиското студио на радиодифузерот до седиштето на операторот на јавна комуникациска мрежа, може да се врши: со линк со користење на радиофреквенции; со коаксијален или оптички кабел без користење на радиофреквенции, и преку интернет без користење на радиофреквенции.

Кога дотурот на сигналот се врши со линк со користење на радиофреквенција во фиксна служба, се плаќа годишен надоместок пресметан според Правилникот за начинот на пресметка на годишниот надоместок за користење на радиофреквенции, донесен од страна на Агенцијата за електронски комуникации (Службен весник на РМ, бр. 02/08), и се издава одобрение од Агенцијата за електронски комуникации. Надоместокот се плаќа на сметка на Агенцијата за електронски комуникации за секоја тековна година, почнувајќи од датумот на издавањето на Потврда за

извршената регистрација со запишување во службената евиденција во Агенцијата за електронски комуникации.

Кога дотурот на сигналот се врши со коаксијален или оптички кабел без користење на радиофреквенции, и кога дотурот на сигналот се врши преку интернет без користење на радиофреквенции, не се плаќа годишен надоместок за користење на радиофреквенции, и не се издава одобрение од Агенцијата за електронски комуникации.

**Регионалната поделба** на Република Македонија од аспект на радиодифузијата е направена на конференцијата РРЦ 06, и се базира врз географската конфигурација на теренот. Во следната табела прикажани се радиодифузните региони на Република Македонија, со општините кои припаѓаат на тие региони и со бројот на населението, и тоа:

| Локација Канали | Регион | Општина | Број на жители | Вкупно број на жители |
|---|---|---|---|---|
| **ВОДНО**<br><br>25,29,33<br>37, 45, 48<br>51, 57 | **регион 1 D1** | ЦЕНТАР | 45,362 | **506,926** |
| | | АЕРОДРОМ | 72,009 | |
| | | ЧАИР | 64,823 | |
| | | БУТЕЛ | 37,371 | |
| | | ГАЗИ БАБА | 72,617 | |
| | | ЃОРЧЕ ПЕТРОВ | 41,634 | |
| | | КАРПОШ | 59,666 | |
| | | КИСЕЛА ВОДА | 57,236 | |
| | | САРАЈ | 35,408 | |
| | | ШУТО ОРИЗАРИ | 20,800 | |
| **ЦРН ВРВ**<br><br>23, 26, 28<br>30,40, 47<br>52,53,61<br>65.6 | **регион 2 D2** | СОПИШТЕ | 5,656 | **230,244** |
| | | АРАЧИНОВО | 11,597 | |
| | | ЗЕЛЕНИКОВО | 4,077 | |
| | | ЧУЧЕР САНДЕВО | 8,493 | |
| | | ИЛИНДЕН | 15,894 | |
| | | ПЕТРОВЕЦ | 8,255 | |
| | | СТУДЕНИЧАНИ | 17,246 | |
| | | ГРАДСКО | 3,760 | |
| | | ВЕЛЕС | 55,108 | |
| | | НЕГОТИНО | 19,212 | |
| | | ЧАШКА | 7,673 | |
| | | РОСОМАН | 4,141 | |
| | | ДЕМИР КАПИЈА | 4,545 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | КАВАДАРЦИ | 38,741 | |
| | | ГЕВГЕЛИЈА | 22,988 | |
| | | ЛОЗОВО | 2,858 | |
| **СТРАЦИН** | **регион 3 D3** | КУМАНОВО | 105,484 | **172,787** |
| | | ЛИПКОВО | 27,058 | |
| 21 ,37, 41 | | СТАРО НАГОРИЧАНЕ | 4,840 | |
| 41,46,50 | | РАНКОВЦЕ | 4,144 | |
| 56,60,64 | | КРИВА ПАЛАНКА | 20,820 | |
| 67, 9 | | КРАТОВО | 10,441 | |
| **ТУРТЕЛ** | **регион 4 D4** | ПРОБИШТИП | 16,193 | **200,355** |
| | | КОЧАНИ | 38,092 | |
| 22 ,24, 32 | | МАК. КАМЕНИЦА | 8,110 | |
| 38, 39, 43 | | ШТИП | 47,796 | |
| 44, 55, 58 | | СВЕТИ НИКОЛЕ | 18,497 | |
| 62, 66, 7 | | ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО | 7,490 | |
| | | КАРБИНЦИ | 4,012 | |
| | | ЗРНОВЦИ | 3,264 | |
| | | ВИНИЦА | 19,938 | |
| | | ДЕЛЧЕВО | 17,505 | |
| | | ПЕХЧЕВО | 5,517 | |
| | | БЕРОВО | 13,941 | |
| **БОСКИЈА** | **регион 5 D5** | СТРУМИЦА | 54,676 | **171,416** |
| 21, 34, 37 | | РАДОВИШ | 28,244 | |
| 38, 39, 43 | | КОНЧЕ | 3,536 | |
| 44, 55, 58 | | ВАСИЛЕВО | 12,122 | |
| 62.66, 7 | | БОСИЛЕВО | 14,260 | |
| | | НОВО СЕЛО | 11,567 | |
| | | ДОЈРАН | 3,426 | |
| | | БОГДАНЦИ | 8,707 | |
| | | ВАЛАНДОВО | 11,890 | |
| | | ГЕВГЕЛИЈА | 22,988 | |
| **ПЕЛИСТЕР** | **регион 6 D6** | БИТОЛА | 95,385 | |
| | | ПРИЛЕП | 76,768 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 22, 25, 29 | | НОВАЦИ | 3,549 | **306,556** |
| 33, 37, 38 | | МОГИЛА | 6,710 | |
| 42, 46, 58 | | КРИВОГАШТАНИ | 6,150 | |
| 60, 63, 67 | | ДОЛНЕНИ | 13,568 | |
| 9 | | КРУШЕВО | 9,684 | |
| | | ДЕМИР ХИСАР | 9,497 | |
| | | РЕСЕН | 16,825 | |
| | | ВРАНЕШТИЦА | 1,322 | |
| | | ПЛАСНИЦА | 4,545 | |
| | | КИЧЕВО | 30,138 | |
| | | ОСЛОМЕЈ | 10,420 | |
| | | ЗАЈАС | 11,605 | |
| | | МАКЕДОНСКИ БРОД | 7,141 | |
| | | ДРУГОВО | 3,249 | |
| **МАЛИ ВЛАЈ** | **регион7 D7** | ОХРИД | 55,749 | **127,065** |
| 26,32, 36, 39, | | СТРУГА | 63,376 | |
| 44,50,52,61 | | ВЕВЧАНИ | 2,433 | |
| ,65, 66, 69, 5, 41 | | ДЕБАРЦА | 5,507 | |
| **СТОГОВО** | **регион 8 D8** | ЦЕНТАР ЖУПА | 6,519 | **26,061** |
| 21, 28,31,35, 37, 43 | | ДЕБАР | 19,542 | |
| 47, 51, 57, 59, 6 | | | | |
| | | | | |
| **ПОПОВА** | **регион 9 D9** | ТЕТОВО | 86,580 | **304,125** |
| **ШАПКА** | | ГОСТИВАР | 81,042 | |
| 27, 34,36, 38,41 | | МАВРОВО И РОСТУША | 8,618 | |
| 50,55,56,64,66,10 | | БОГОВИЊЕ | 28,997 | |
| | | БРВЕНИЦА | 15,855 | |
| | | ВРАПЧИШТЕ | 25,399 | |
| | | ЖЕЛИНО | 24,390 | |
| | | ЈЕГУНОВЦЕ | 10,790 | |
| | | ТЕАРЦЕ | 22,454 | |

## 3. БАРАЊА ВО ОДНОС НА БРОЈОТ И СТРУКТУРАТА НА ВРАБОТЕНИТЕ ПОТРЕБНИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТА

3.1. Минималниот број на вработени е:

- за регионите Д6 и Д9 - 16 вработени, од кои најмалку 4 новинари со соодветно образование;
- за регионот Д2, Д3, Д4, Д5 и Д7 - 12 вработени од кои најмалку 3 новинари со соодветно образование;
- за регионот Д8 - 8 вработени од кои најмалку 2 новинари со соодветно образование;

## 4. БАРАЊА ВО ОДНОС НА ФИНАНСИСКАТА СПОСОБНОСТ

**4.1.** За да може да учествува на Конкурсот, кандидатот треба да поседува средства (капитал) или да приложи докази за сопственост, во висина (за регионите наведени во точка 4.2 ), во банкарски депозити, хартии од вредност или недвижнини со вредност проценета од овластен судски проценител со доказ дека истите не се ставени под хипотека или залог. Инвестицијата треба да биде во согласност со техничките стандарди и со правилниците пропишани од Советот за радиодифузија, Агенцијата за електронски комуникации и релевантните државни органи.

**4.2.** Минимална износ на средства (капитал) изнесува за:

- регион Д 2 : 300.000 евра (или во денарска противредност)
- регион Д 3 : 250.000 евра (или во денарска противредност)
- регион Д 4 : 200.000 евра (или во денарска противредност)
- регион Д 5 : 300.000 евра (или во денарска противредност)
- регион Д 6 : 500.000 евра (или во денарска противредност)
- регион Д 7 : 200.000 евра (или во денарска противредност)
- регион Д 8 : 100.000 евра (или во денарска противредност)
- регион Д 9 : 500.000 евра (или во денарска противредност)

Напомена:Утврдениот износ е нправен врз основа на бројот на население по оделни региони, претходни конкурси во кои се барани минимум износ на потребни средства и економскиот потенцијал од податоците кои ги поседуваме за 2008 година.

## 5. УСЛОВИ И БАРАЊА ВО ОДНОС НА ПРОГРАМАТА

**5.1** Природата, односно форматот на програмскиот сервис се определува во согласност со Законот за радиодифузната дејност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 100/05, 19/07, 103/08, 152/08 и 06/2010), Правилникот за форматите на радио и телевизиските програмски сервиси ("Службен весник на Република Македонија" бр. 113/2006) и правилниците за изменување и дополнување на Правилникот за форматите на радио и телевизиските програмски сервиси ("Службен весник на Република Македонија" бр. 130/06 и 61/07). Радиодифузерите, кандидати на конкурсот ќе ги задржат форматите што ги добиле при доделувањето на дозволата за вршење радиодифузна дејност на локално ниво. Не е возможна промена на форматот на програмскиот сервис.

**5.2** Промената на нивото на опфат од локално на регионално ниво подразбира зголемување на обврските во однос на програмата, создавање програми што ќе ги задоволат потребите на сите граѓани од подрачјето што го покрива радиодифузерот. Затоа, сите радиодифузери, кандидати на конкурсот треба да достават Програмски проект. Програмскиот проект треба да биде составен од

програмска шема за еднонеделна програма со краток опис на емисиите и детално објаснување за видот и процентот на програми изворно произведени на македонски јазик или на јазиците на етничките заедници за кои е наменет сервисот, и податоци за застапеност на програмите што ќе третираат настани од значење за подрачјето што ќе го покрива радиодифузерот.

## 6. НАДОМЕСТОК ЗА ДОЗВОЛА ЗА ВРШЕЊЕ РАДИОДИФУЗНА ДЕЈНОСТ И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

**6.1.** Висината на надоместокот за дозволата се определува врз основа на формулата наведена во член 60 од Законот и таа гласи:

**((Н x БНП/ 200.000) x Рт x Кп) + А** , каде

**Н** е број на вкупно население во зоната на покривање, преставено како бодови, според последните податоците од Државниот завод за статистика;

**БНП** е бруто домашен производ по жител, изразен во евра, а преставен како бодови, според последните податоци од Државниот завод за статистика;

**Рт** е коефициент, каде што за телевизиска програма Рт=1,

**Кп** е коефициент кој зависи од форматот на програмскиот сервис;

**А** е константа која изнесува 200 бода за телевизија.
Вредноста на еден бод изнесува 1 евро пресметано во денарска противвредност по средниот курс на еврото според Народната банка на Република Македонија на денот на плаќање.

**6.2.** Висината на надоместокот ја утврдува Советот за радиодифузија врз основа на претходно утврдените параметри.

**6.3.** Годишниот надоместок се плаќа во рок од 15 дена од датумот на доделувањето на дозволата на сметка на Советот за радиодифузија.

## 7. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОЗВОЛАТА

Дозволата за вршење радиодифузна дејност се доделува за временски период од 9 (девет) години и истата не може да се пренесува на друго лице.

## 8. ПРЕСТАНОК, ОДЗЕМАЊЕ НА ДОЗВОЛАТА

**8.1.** Дозволата престанува да важи:
со истекот на рокот за кој е доделена;
со писмена изјава на имателот со која се известува Советот за радиодифузија дека престанува со емитувањето на радио или телевизиска програма;
со одземање на дозволата од страна на Советот за радиодифузија и
ако настапи стечај или ликвидација на имателот на дозволата.

**8.2.** Советот за радиодифузија ја одзема дозволата во случаите ако:

имателот на дозволата не започне со вршење на дејноста во рокот утврден во дозволата;
имателот на дозволата дал неточни податоци врз основа на кои му е издадена дозволата;
по издавањето на дозволата настанат околности што претставуваат законски пречки за имателот да врши радиодифузна дејност;
имателот на дозволата не го плати надоместокот во рокот утврден во дозволата и
на имателот на дозволата со судска одлука му е изречена мерка на безбедност забрана на вршење радиодифузна дејност.

## 9. ТРОШОЦИ ЗА ПРИЈАВАТА

Трошоците направени од подносителот за подготвувањето и поднесувањето на пријавата и придружната документација ќе ги сноси подносителот.

## 10. НАЧИН НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВАТА

Пријавата за Конкурсот се поднесува на посебен образец - Пријава, чија форма и содржина ги пропишува Советот за радиодифузија. Кон Пријавата кандидатите приложуваат соодветна документација и изјави согласно член 49 од Законот за радиодифузната дејност.
Општите, техничките, продукциските, програмските и другите услови и Образецот - Пријава можат да се подигнат во Советот за радиодифузија на Република Македонија, бул. "Маркс и Енгелс" бр.3, Скопје. За документацијата се плаќа надоместок во износ од 5.000,00 денари на жиро сметка: 300000000618023, Банка депонент: Комерцијална банка А. Д. Скопје.
Пријавата се поднесува до Советот за радиодифузија на Република Македонија, на адреса: бул. "Маркс и Енгелс" бр. 3, Скопје.
Пријавата, со придружната документација, се поднесуваат во 2 (два) оригинални примерока.
Пријавата може да се достави препорачано по пошта или со предавање во архивата на Советот за радиодифузија.

## 11. РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВАТА

Рокот за поднесување на пријавите тече од првиот нареден ден од денот на објавувањето на Конкурсот.
Пријавите што ќе бидат поднесени по истекот на рокот определен со Конкурсот и нема да бидат подготвени и доставени според условите утврдени со Општите, техничките, продукциските, програмските и другите услови, нема да бидат разгледувани.

## 12. КРИТЕРИУМИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА ПРИЈАВАТА

**12.1** Оценката на пријавите од аспект на програмската понуда ќе се врши врз основа на следниве критериуми:

**12.1.1 Процентот на учество на програмите изворно произведени на македонски јазик или на јазиците на немнозинските етнички заедници** кои

живеат во Република Македонија во вкупната дневна програма што се планира да се емитува **(максимум 5 бода).**

Изворно произведени програми застапени над 50% - **5 бода**;
Изворно произведени програми застапени над 40% до 50% - **3 бода**;
Изворно произведени програми застапени од 30% до 40% - **2 бода**.

**12.1.2 Застапеност на емисии што ќе третираат регионални случувања и регионални теми** од значење за подрачјето на кое ќе работи радиодифузерот **(максимум 15 бода).**

Програмски проект во кој се нудат неделно три и повеќе изданија и/или емисии што ќе третираат локални настани и теми значајни за подрачјето на кое ќе работи радиодифузерот, и што во вкупниот обем ќе изнесува 4 часа неделно, а за секоја од планираните емисии поединечно е даден јасно разработен концепт во согласност со "Одлуката за класификација на радио и на телевизиските програми" - **15 бода;**

Програмски проект во кој се нудат неделно една или две изданија и/или емисии што ќе третираат настани значајни за подрачјето на кое ќе работи радиодифузерот, и што во вкупниот обем ќе изнесува од 2-4 часа неделно, а за секоја од планираните емисии поединечно е даден јасно разработен концепт во согласност со "Одлуката за класификација на радио и на телевизиските програми" - **10 бода;**

Програмски проект во кој не се нудат емисии што ќе третираат настани од посебно значење за подрачјето на кое ќе работи радиодифузерот**- 0** бода**.**

**12.2** Оценката на пријавите од аспект на техничката опременост ќе се врши врз основа на следниве критериуми:

**12.2.1** Број на простории за студио и режија и придружни простории (според Правилникот за основните технички услови, стандарди и параметри за студискиот дел на радиодифузерите) максимум **- 8 бода** и тоа според тоа дали има:

Мало студио ..........................................................................................2
Големо студио (да се наведе дали е сопствено или изнајмено) .......2
Режија ....................................................................................................2
Други простории ( архива, Шминкерница,гардероба и др) ............ 2

**12.2.2** Површина и висина **4 бода** и тоа
Мало студио 30м2 и 3.5 м висина ......................................................2
Вкупна површина на објектот ...............................................................2

**12.2.3** Квалитет на акустиката на просториите и на акустичката изолација **3 бода;**

**12.2.4** Квалитет на вентилацијата и климатизацијата - **3 бода;**

**12.2.5** Квалитет и квантитет на студиската и останатата опрема - **10 бода** и тоа :
Опременост со камери ..........................................................................4
Опременост со миксети ........................................................................2

Опременост со компјутери .........................................................................2
Друга опрема ....................................................................................................2

**12.2.6** Покриеност со УПС и времетраење на автономија на работа - **2 бод.**

**12.3.** Оценката на пријавите од аспект на бројот и структурата на вработените ќе се врши врз основа на следниве критериуми:

- Број на вработени - **10 бода.**
- Структура на вработени - **5 бода.**

**12.4.** Оценката на пријавите од аспект на финансиската способност ќе се врши врз основа на следните критериуми:

- Обезбедени средства (капитал) – до **20 бода**

**Совет за радиодифузија**
**на Република Македонија**